


**Патролен дневник**
**Цена: 120 МКД**

- Овој патролен дневник ќе ви помогне за подобро планирање на патролните средби и за евиденција на членовите.




**Водач на патрола**
**Цена: 120 МКД**

- Овој прирачник ќе ви помогне за подобра организација на вашата патрола и нејзиното дејствување.




**Документарна репортажа на македонски јазик: Баден Пауел основач на светскиот скаутизам**
**- ДВД диск – 300 МКД**

- Репортажата ке ви помогне полесно да се запознаете со настанокот на скаутизмот и со животниот пат на основачот Б П




**Компакт диск:**
**Мултимедијален скаутизам**
**Цена: 120 МКД**

- Преку мултимедијална презентација на секого можете да му преставите што преставува извидништвото во Македонија и Светот.




**Ориентација во природа**
**Цена: 120 МКД**

- Овој прирачник ќе ви помогне ги совладате основите на топографијата и ориентацијата во природа

**Овие артикли можете да ги добиете на следниов начин: Уплатете ја цената на бараниот артикл на ж - ска на ИО Димитар Влахов и испратете копија од уплатницата на факс 043/223 715, и нарачкате ќе ја добиете за неколку дена по пошта.**
**Во цената е вклучена и поштарината.**

ИР



**Редакцијата на Извидничкиот Репортер ги повикува сите заинтересирани извидници од одредите ширум нашата Република да се вклучат во нашата дописничка мрежа!!!**

ИР



**Доколку и Вие сакате на домашна адреса да ја добивате единствената сериозна извидничка ревија во земјава, можете да се јавите во Редакцијата на ИР.**



# ИЗВИДНИЧКИ РЕПОРТЕР



Бр. 62

**Ревија на ИО "Димитар Влахов"**
**ВЕЛЕС, Октомври 2008 год.**



РЕВИЈА
ИЗВИДНИЧКИ РЕПОРТЕР
http://www.scoutveles.org.mk/

**Основач:**
**Старешинството на ИО *Димитар Влахов***

**Редакција:**



**Главен и одговорен уредник:**
Влахчев Влатко
**Компјутерска обработка**
Златко Ристов
Горан Андоновски



**Соработници**
Геле, Ане, Антон, Баце, Димитар, Марина, Виктор …

**Адреса:**
Трајче Панов 22
ПФ 85
1400 Велес
Македонија
389(0)43 22 37 15

scout_veles@mt.net.mk
izvidnickireporter@yahoo.cm
www.scout.org.mk

РАКОПИСИТЕ НЕ СЕ ВРАЌААТ
Ревијата “ИЗВИДНИЧКИ РЕПОРТЕР“ излегува еднаш месечно.

Првиот број на ИЗВИДНИЧКИ РЕПОРТЕР излезе на

15 декември 1997 год.
ж.с.200-0000037519-52
депонент банка
Стопанска Банка
ЕДБ: 4004996107353

Читајте ИР

# News

**пишува:**
**Редакција на ИР**

Старешинството на Сојузот на извидници на Македонија, на 12.10.2008 (недела) во Скопје ја одржа својата редовна седница со следниот дневен ред:

1. Извиднички центар Охрид
2. 10 Смотра на Сојуз на Извидници на Македонија
3. РИОН 2008
4. Биро на Сојуз на Извидници на Македонија
5. Собрание на СИМ
6. Разно

По шестата точка Никола Здравевски си поднесе оставка од позицијата генерал секретар на СИМ. За функции Началник на СИМ и Генерален секретар на СИМ ќе биде распишан конкурс.

---

На редовната седницата на Старешинството на СИМ, која се одржа на ден 25.10.2008 год. (сабота) во село Станци, Крива Паланка во периодот на одржувањето на овогодишниот Републички извиднички ориентационен натпревар (РИОН). Старешинството на СИМ донесе одлука да за Началник на Биро на СИМ биде избран, Ивица Николиќ - Циви.

Меѓу другото Старешинството на СИМ донесе одлука и за продолжување на рокот за пријавување на кандидати за позицијата Генерален секретар на СИМ за уште нови 15 дена.

---

На 14.10.2008 год. (вторник) во Општина Чашка се одржа првата работилница за изработка на Стратешки план за Локален Економски Развој (ЛЕР) на Општина Чашка. На оваа работилница се разговараше за следното:

- Што е LER и неговите основи
- SWOT анализа на општина Чашка
- Дефинирање на визија и стратешки приоритети на Општината.

На оваа прва работилница од страна на извидничкиот одред Димитар Влахов од Велес, учество зема Виктор Таневски.

---



**Размислувањата, текстовите и написите објавени во Извиднички Репортер не ги рефлектираат мислењата и ставовите на ИО “Димитар Влахов” - Велес.**

# ИР КОНКУРС

**пишува:**
**Редакција на ИР**

## Профил на Кандидат за Генерален Секретар

Да биде постар од 25 години;
Да има одлично познавање на раководење и делегирање на авторитет;
Да има докажано искуство во организирање на големи национални и меѓународни активности и младински едукативни проекти во соработка со надворешни партнери од планирање до имплементирање, вклучувајќи логистика и пишување извештаи;
Да има познавање од финансиски менаџмент;
Завршена најмалку средна стручна подготовка,но пожело е да има завршено факултет;
Да има релевантно искуство во невладиното организирање во Македонија;
Способен да работи по сопствена иницијатива;
Способен да работи со тим;
Да има можност да работи со флексибилно работно време, а кога е потребно и викенди;
Можност и желба да патува повремено надвор од земјата;
Да сака да живее во Скопје;

<u>Потребни вештини на кандидатот за Генерален Секретар</u>

Да е запознат со работата на Сојузот на Извидниците на Македонија, како и невладиното организирање во Македонија;
Да има познавање од законските прописи на Здруженијата на граѓани;
Да има познавање на светските определби на извидничкото движење;
Пожелно е да има најмалку 5 години членувано во организацијата;
Капацитет да раководи со неколку проекти симултано, да ги почитува крајните рокови и да направи приоритет на работа;
Капацитет да работи со луѓе со различна социјална и културна позадина;
Способен да собира, анализира и пренесува информации;
Задолжително да пишува, чита и разговара на англиски јазик или француски јазик
Познавање на компјутерски програми, посебно на МС Оффице;

<u>Услови</u>

Генералниот Секретар е во редовен работен однос;
Генералниот Секретар се селектира по претходно извршено интервју;
За својата работа одговара пред Старешинството на Сојзот на Извидниците на Македонија;
Старешинството на Сојузот еднаш годишно ја разгледува работата на Генералниот Секретар;

<u>Начин на пријавување</u>

Сите заинтересирани кандидати треба да ги доставаат следниве документи:
Кратка биографија;
Мотивационо писмо;
Документите треба да се испратат по електронски пат на sim@scout.org.mk

Пишува:
Ане Радевски

## БОМБА И ШТИТ

Секој играч треба да си одбере две особи. Едната особа да му биде штит, а другата бомба, но да не кажува кој особи ги избрал. Кога водачот ќе даде знак тогаш сите бегаат од бомбите, а се кријат зад штитовите ( замислените личности ).



## ГРИМАСИ

Децата стојат во круг. Тогаш водачот кажува: предлагам малку да го размрдаме своето лице. Секој од нас треба да направи смешна гримаса, така да треба да го искриви и да го измени некако своето лице како што тој сака. Останатите треба внимателно да го гледаат и да ја повторат истата гримаса.

Кога тој што ја прави гримасата ќе заврши треба да плесне со рацете, а тоа ќе биде знак за останатите да ја повторат неговата или нејзината гримаса.

## ЧУДНА ИГРА

Играчите се поделени во парови свртени еден кон друг и фатен за раце над лактовите. На знак на водачот играчите се борат како да застанат на нозете на својот партнар, а победуваат оние кои што ке застанат најмногупати на нозете на својот партнар во определено време (пр. 30 секунди).

## ТРКА НА ТРИ НОЗЕ

Играчите се поделени во парови, стоејќи еден до друг. Со врвца секој пар меѓу себе треба ги врзе нозете, над глуждот и над коленото ( едниот десната, а од другиот левата ) На знак на водачот трчаат спрема целта. Парот кој што Ќе стаса прв до целта добива награда. Оддалеченоста до целта е колу 15 метри.







Пишува :
Влатко Влахчев

## ВОДАЧОТ И НЕГОВАТА РАБОТА

Избрани сте за водач. Честито! Пред ***ВАС*** и ***ВАШИТЕ*** деца има сјајни моменти, полни со забави и авантури, работа, игри и една од најубавите нешта на светот ***ДРУГАРСТВО.*** Добра патрола е група добри другари. *“ Еден за сите сите за еден “* - правите зборови, стоеќи рамо до рамо, што и да се случи. Уживајте во смеата и задоволството, кои вас ви ги овозможува патролата - а тие ќе ги има доволно. Не заборавајте дека, добар водач, ни за момент не смее да заборави, дека во неговата должност, има многу сериозни работи. Секое од вашите деца, ќе биде створител на патролата, таква каква што е, а притоа сам ќе постанува се подобар извидник, но најголема одговорност, најмногу доверба е во ***ВАС***. Вашето водење, вашите идеали за себе и за патролата, вашите примери и придржувањето кон извидништвото, вашата наклоност и разбирање за група деца, поединечно или во целина, ќе биде пример за сите останати. Со добро водење скоро секоја патрола може да биде најдобра. ***Па другари водачи, на ВАС е да уште од почетокот, да продрете до срцта на вашата должност.***

## ШТО СОЗДАВА ВИСТИНСКИОТ ВОДАЧ

Прво, вистинскиот водач има потполно доверба во својата патрола. Тој е воодушеван и уверен дека таа ќе биде најдобрата патрола или дружина, создадена од најдобрите извидници, кои со текот на времето се повеќе и повеќе ќе го почитуваат извидничкитот завет и закони. Овој идеал, оваа можност со текот на времето станува толку цврста во неговите мисли и во неговото срце, што тој секогаш се истакнува со се што ќе каже односно направи, па и кај него самиот ќе примети дека и другите деца мислат како него. Воодушевувањето е заразно и ако во нивните мисли создадете вистински извидници, сте тргнале на правиот пат. Еден извиднички водач, некогаш прашал некој извидник - " Зошто ти и твојте другари во патролата толку често и со задоволство го следите својот водач кога и да ве поведе и повика ".



Детето размислило еден момент. “ Не знам точно “ - одговорило тоа. “ Можеби е пора-ди тоа што чуствуваме дека тој е таков, какви што би сакале да бидеме ние “ Тука е клучот на целата работа. Тоа доведува и до друго правило. Вистинскиот водач е и вистински извидник. Водачот кој не се гри-жи за тоа дали ќе премине од првиот во вториот ред, голема е веројатноста за тоа дека води патрола за која не го интересира дали напредува или уназадува. Патролата е многу слична на возот. Кога машината ке тргне, тргнува и цел воз. Ако пак таа заста-не, застанува и возот. Ако машината испа-дне од пругата, целиот воз ќе се преврти. Вие сте локомотивата во вашиот патролен воз. Ако се пробиете напред тогаш и ваши-те деца ке се пробијат со вас. Ако си доз-волите себеси поради мрзливост, невнима-телност, рамнодушност или поради друга причина да испаднете од колосек, вашата патрола на крајот ќе пропадне.

пишува:
Виктор Таневски

## ЕДИНСТВЕНИОТ НАШ ОСТРОВ 40-ГОДИШНА АРХЕОЛОШКА ЗАГАТКА

Единствениот остров кој се наоѓа на територијата на нашата држава, Голем Град на Преспанско Езеро, крие 24 века живот, почнувајќи од почетокот на првиот миле-ниум п.н.е. па се до средниот век и заради тоа веќе четириесетина години е привлечна загатка за археолозите. Секој зафат на Голем Град открива нов момент од чове-ковата историја. И сиве овие години, во текот на дваесетина кампањи, е откриен сосема мал дел. Токму поради циви-лизацискиот карактер на островот, кој не се развил во поголем градски центар, таму не може да се очекуваат наоди како во голе-мите градски центри како Скупи или Стоби. Сепак, островот има своја естетика и вредност токму поради големиот број материјални докази од сите културни сло-еви. Островот Голем Град се наоѓа во Преспанско Езеро и зафаќа површина од 18 хектари, во должина 600 м, а во ширина 360 м. Овој остров го привлекува вниманието на истражувачите и поради близината на ос-тровот Аил, кој се наоѓа на грчка тери-торија, а кој е познат како седиште на Цар Самоил и на која тој ја изградил катедра-лната црква посветена на свети Ахил. Неодамнешните зафати на ова мало парче земја открија уште една куќа од римскиот период, со што сега има вкупно 5 куќи, но и една средновековна црква за која постојат индикации дека е од Самуилово време. Во текот на истражувањата кај средновековната црква „Св. Петар, под неа се наиде на темели на една постара црква која можеби одговора на времето на Цар Самуил. Оваа црква е попространа и поголема. Можеби е изградена како пандан на „Св. Ахил по желба на месното население во Самуилово време. Поинтензивни траги од организирано живеење во населби се среќаваат во раноантичкиот период (4 век п.н.е.) во кој биле изградени одбранбени ѕидови на јужната страна на островот, некропола од Филипово време во која има многу богати прилози на накит од злато, сребро, оружје на воини, но и монети од македонските кралеви. Од хелинистичкиот период датираат, пак, повеќе откриени куќи. Од римскиот период, од 4 век, кога населбата заживеала, има исто така многу траги. Откриен е голем станбен дел, 5 куќи, но и цистерна која е вградена во карпа, а е градена по системот на римското градителство со хидрауличен малтер. Со прифаќањето на христијанската религија, на островот се градат и ранохристијански, а подоцна и средновековни цркви. Досега на овој простор се откриени 7 цркви - 3 ранохристијан-ски и 4 средновековни. Во средновековието населбата не е обновена. Во тоа време, ос-тровот бил свето место, таму се одвивал мона-шки живот и интензивно се граделе цркви. Од тој период се „Св. Петар, која е целосно зачувана, „Св. Димитрија и „Св. Никола од кои денес постојат само темелите. Сите се фрескоживописани во 14 век, а можеби изгра-дени малку порано. На Голем Град има остатоци од неколку куќи од хелинистичкиот период. Тие се градени од фоја, ендемски вид бор, кој расте на островот и чии гранки лесно се преплетувале околу колци од смрека, а потоа ѕидовите се обложувале со глина измешана со слама. Интересен е податокот што истиот систем на градење се применувал во преспанските села Коњско и Стење се до 20 век. Оваа техника на градење е зачувана речиси до 50-тите години на минатиот век, до кога се живеело во ваков вид куќи.





пишува:
Марина Тасева

## АКУПРЕСУРА

Овој начин на лекување се состои во притискање на одредени точки на телото со прстите или рацете за да се измени внатрешниот проток на наве-дената животна сила или енергија наречена чи ( chi ), со нејзино јакнење, смирување или отстранување на препре-ките за нејзиниот проток. Акупресурата е една од низата методи на лекување кои се ползуваат во традиционалната ки-неска медицина, систем на здравствената нега која потекнува од Кина пред неколку илјади години и се уште се применува во азиските земји.

Според традиционалната кинеска меди-цина, точките за акопресурата се подре-дени на 14 телесни меридијани или патишта. Дванаесет меридијани се двојни, т.е нивните идентични верзии со исти групи на точки, постојат на телото на двете страни. Другите два се единечни и се протегаат по средината на телото. Овие 14 меридијани не соодвет-ствуваат на ниеден физиолошки процес или анатомска структура на телото, како што се нервите или крвните садови. Меѓутоа, некои добро контролирани ис-питувања навестуваат дека акопресурата може да биде делотворна кај низа здравствени проблеми, вклучуваат мачнина, болки и слабост поврзани со мозочен удар. Може да се притисне само една точка за да се ублажи одреден симптом или тегоба или за да се подобри општата состојба на организмот, може да се работи на низа точки по точно одреден редослед. Акопресурата може да ја применува некој кој е извежбан за таа техника или таа може да се вежба дома. Моќта на притисокот се разликува од место до место, но општо, на повеќето места е потребно да се примени притисок со еднаков интензитет надолу во траење од една до две минути. Ако притискате на некое место неколку пати по ред, завршете ја постапката на едната страна на телото пред да преминете на другата.

Опасностите кај акопресурата се минимални, под услов да се почитуваат некои мерки на претпазливост. Во текот на бременоста никогаш не смеат да се притискаат точките означени како Слезина и Дебело црево; ако е можно, целосно избегнувајте го пределот околу стомакот. Никогаш не притискајте отворени рани, проширени вени, тумори, воспалена или инфицирана кожа, места каде што неодамна била извршена операција или предели каде се сомневаме дека коската е скршена.




*Во наредните броеви на " Извиднички репортер " ќе биде прикажано како со примена на овој метод може да се намалат, излечат или спречат одредени болки и болести*

пишува:
Димитар Јорданов

# ЗОШТО МРТВО МОРЕ Е БЕЗ ЖИВОТ

Имено, во Мртво Море нема жив свет. Реката Јордан се влева во него, но рибите што таа ги носи, веднаш умираат. Морето е долго околу



75, а широко од 5 до 17км. Тоа има најниско ниво на светот, околу 400 метри под површината на Средоземното Море. Јужниот дел е многу плиток, но длабочината на север изнесува околу 400 метри. Пред повеќе милиони години, Мртво море се наоѓало на повеќе од 400 метри повисока положба, отколку денес и имало повисоко ниво од Средоземното. Во тој период во него постоел жив свет. Меѓутоа, настанал подолг период на суша и огромна количина од него испарила, па нивото се спуштило на ова што го има денес. Од Мртво Море не истекува ниту една река, додека во него од север се влива реката Јордан, како и многу други помали реки од околните ридови. Мртво море водата ја губи со испа-рување, меѓутоа, тоа е толку интензивно па по-ради тоа, во водата на ова море останува го-лема концентрација на минерали како што се: сол, магнезиум, хлор и бром. Освен тоа, Мртво море е најсоленото море на светот, дури за шестпати посолено од водата во океанот ! Океанската вода нормално содржи 4 до 6 проценти сол, додека водата во Мртво Море има 23 до 25 проценти. Во неа има толку минерали што на пливачите главата и рамената секогаш ќе им бидат над нивото на водата. Овие минерали се многу корисни за човекот.

# ВО ИНДИЈА СЕ ПОЈАВИ СОМ ЧОВЕКОЈАДЕЦ

Застрашувачка риба мутант почна да „лови“ луѓе откако претходно се хранела со човечки трупови. Истражувачите се плашат дека кај овој вид на голем сом, се развил вкус за човечко месо хранејќи се со мртвите тела кои се погребуваат во оваа река во Индија. Локалните жители веруваа со години дека некое мистериозно чудовиште ги демнее од водата, се додека не се се појавија случаеви кога невнимателните капачи во реката Големата Кали, која тече на индиско-непалската граница мистериозно исчезнуваа повлечени од нешто во водата. 18-годишен непалец исчезна минатата година, додека првата жртва во април 1988 год. беше 17-годишник кој се капел во реката.
Необичниот случај со „чудовиштето од водата“ беше испитуван од биологот Jeremy Wade и за тоа беше снимен документарец. Тој ги отфрли теориите дека можеби станува збор за крокодили за да открие дека се работи за сомови, едни од најголемите слатководни



риби. Овој биолог успеа да улови еден со тежина од околу 73 килограми и со должина од 1.8 метри, што е светски рекорд и најголем сом уловен досега. Ова чудовиште од сом, најверојатно достигнало толкава големина хранејќи се со труповите кои на тој начин се погребуваат во оваа река во Индија. Според Jeremy Wade најверојатно така ова животно развило и вкус за човечко месо.





пишува
Аце - Баце

# ПРИПРЕМАЊЕ НА ХРАНА ОД ГЛОДАРИ ( ВЕРВЕРИЧКИ, ПЛФОВИ, СЛЕПО КУЧЕ И ДР. )

Скоро сите глодари се многу слични па и постапката за нивно припрмање е слична.
Ако глодарот е жив, треба да се усмрти со удар по глава и да се почека да искрвари. Потоа се пристапува со дерење на кожата. Се прави рез на кожата долж ивицата на бутот, од шаката до тртникот на двете задни нозе. Се дере кожата околу тртникот, па со помош на нож ќе се одвои од телото и превртена се тегне од главата. За полесно да се одере кожата, животното треба да се обеси со раширени задни нозе. Главата се сече и заедно со кожата и шепите се фрла. Одкако ќе се одере кожата, стомакот треба да се засече по целата должина и да се извадат внатрешните органи кои истите се фрлаат. Добиеното месо треба да се измие и да се остави да се цеди. Се приготвува со печење на ражен или во лонец - месото не мора да се сече на парчиња доколку се прави чорба или слично јадење. Месото од глодарот се припрема исто како месото од домашно животно или дивеч.





# ПРИПРЕМАЊЕ НА ХРАНА ОД ПТИЦИ

Пердувите се одстрануваат со попарување на птицата во врела вода. Водата се загрева до вриење, па во неа се става малку ладна, вода за да се прекине вриењето. Треба да се обрне внимание, да птицата не стои премногу долго во врелата вода, бидејки кожата ќе се свари заедно со пердувите. Затоа веднаш после потопувањето во водата се проверува дали перјето лесно се кубе, за навреме да се престане со попарувањето. Кога од птицата ке се искубат сите пердуви преостанатите влакна се опалуваат на отворен оган. Ако немате можност да ја изведете оваа постапка тогаш пердувите се одстрануваат со кубење.
Кога ке се исчисти птицата од пердувите треба да се исчисти и одвнатре. Прво на трупче се сече главата и нозете, потоа напречно се сече по стомахот до тртникот и се вади внатршноста. Тртникот се се сече и фрла. Од внатршните органи се јадат цигерот и желудникот. Цигерот кога се сече треба да се внимава да не се исече и жолчката, бидејки ако тоа се случи месото ќе биде горчливо. Желудникот се отвора со нож и се чисти внатршноста. Птицата може да се пече на ражен, да се динста во тава, може да се готви како чорба или како друго јадење.

пишува:
Влахчев Влатко

# А ШТО ВИЕ ИЗВИДУВАТЕ

Еден од најголемите проблеми со кои нашата организација се сретнува во локалната средина е масовното опаѓање на членството. Порано тоа се случувало во помалите средини и ова случување го објаснувала глобалната урбанизација - преминувањето на младите од малите средини во градовите, одење на младите на студии во поголемите градови, кои после студиите никогаш не се вратиле. Како тогаш ќе го објасните опаѓањето на членствата и во големите градови ?

Често можеме да слушнеме прикazни како програмата ни е застарена, не е прилагодена на денешните млади, не сме доволно “in“, не нудиме доволно интересни работи. Дали е вистина така? Дали луѓето знаат што работиме или пак може не гледаат како “оние деца што одат во шума и си играат”? Дали тие знаат “што ние тоа извидуваме”? Погледнете само некој од одговорите на случајните минувачи на прашањето **“ Што се тоа извидници “**



- Оние што одат да извидуваат ;
- Оние кои извидуваат, бараат предели на кои некој треба да дојде на тоа место ;
- Тоа се мали деца кои носат зелени марами и се зафркаваат по шумички ;
- Кои се организирани и одат во природа ;
- Извидници се луѓе кои шетаат по шума и уживаат во природа.

Очигледно е дека нашата организација има еден недостаток - транспарентност. Колку побрзо тоа ќе го прифатиме како причина, побрзо ќе собереме снага да го решиме. Во текот на неколку години трансформиравме некој вид на мистично друштво - имаме свои ритуали, начин на облекување, новите членови даваат заклетва, специфичен сленг и ретко кој надвор од организацијата знае со што ние се занимаваме. Ние знаеме што е извидништво. Знаеме колку е супер и добро, што би рекле скопјани “топ“. Но не смееме да постанеме самодоволни. Мораме да се отвориме према светот - спрема јавноста. Ова ќе го постигнеме само ако на луѓето покажеме што точно се тоа извидници. За да го постигнеме тоа најпрво мораме самите да станеме свесни, со што всушност ние се бавиме. Е дури после ќе пости одговор на прашањето **“ Што ние извидуваме “**





изработи :
Редакција ИР



пишува:
Антон Ѓорѓиев

# РИОН 2006

Да се биде извидник со себе носи многу интересни доживувања како и корисни искуства. Можеш да слушнеш илјада и една приказна и да видиш триста чуда. Секоја акција и натпреварување е приказна за себе, па така и ова која ми се случи мене и на мојата патрола на републичкото извидничко натпреварување.

Беше тоа една ладна и врнежлива есен а замислете РИОНот беше организиран на Црн врв нешто појужно од Скопје на картата на Македонија, верувајте ми многу ладна област. Уште на самото тргање на железничката станица не пречека дожд. Едвај некако ја извадивме опремата од комбето без целата да ја натопиме уште пред да тргнеме. Седум наутро, а надвор времето изгледа како да се стемнува. Се сместивме во чекалната на малата железничка станица во Велес чекајќи го возот кој вообичаено секој божји ден касни. Од чекалната зафаќавме околу четвртина во простор, а во гласност ја зафаќавме цела без исклучок. Во тоа време секој нормален мисли само како да најде некое ќоше за да дремне уште малку, додека двата тима извидници беа преокупирани со тоа што го нарекуваме “Велешка терапија”. Дефинициoно тоа би било зафркавање на било кој што има мана, некоја смешна карактеристика или е најмал. Па така се вртат сите против еден и се натпреваруваат во тоа кој ќе каже поголема глупост. Кога на ова ќе ја додадеш и облеката, изгледавме како бегалци од некој фронт, но сепак сите во чекалната се смееја на нашите шеги. Екипите беа скроени вака: помалата екипа беше составена од Геле, Котенце јуниор, Ане и јас (ај ке им простам што бев со малите со оглед дека имав барем по три години повеќе од секој таму). А сениорите ни беа: Гокса, Злате шефот, Диме



и Аце - Баце ( попознат како Аце оф Басе ), плус некој турист од одред што имал некој денар вишок или му се брзало да настине. Апаратот за сликање се штракаше нонстоп требало - нетребало, добро барем тоа ќе ни остане.

И така натака конечно возот стаса дури кога дождот престана, па сега вие видете колку му требало да стаса. На пероните пред станицата имаше цели базени вода од невремето, девет или десет муцахедини упорно ги прерипуваа носејќи или подавајќи преку нив ранци, шатори, луѓе и што уште не. Битно накрај успеавме да се собереме во претесниот шпанец. Вратата во возот беше покриена со вреки за спиење подот со шатори а на нив еден врз друг кој кај нашол се истегнал или се бутка за да се истегне. Кога црвенокапецот дал знак за тргнување никој не знаеше ама сигурно осетивме. Возот се затресе напред и назад пред да тргне со што и тие малкумина што стоевме околу вреќите паднавме врз тие што седеа, е тоа беше хаварија.

**Продолжува во следниот број.**





пишува:
Грозданчо Нацинов

## КАРТОГРАВСКА ПРОЕКЦИЈА

Под проекција на карта се подразбира збир на математички законитости со кој се обезбедува еднозначно пресликување на точки од земјината површина на рамнината на картата.

Нашите топогравски карти со голем и среден размер во Гаус - Кригерова проекција, овозможува точно мерење на хоризонталните агли, бидејќи вредноста на измерениот агол на карта одговара на тој агол во природата.

## КООРДИНАТИВНИ МРЕЖИ НА ТК

На топогравските карти со голем и среден размер прикажани се две меѓусебно зависни координатни мрежи - географска и правоаголна. Географската координатна мрежа ја образува мрежата на медиријани и напоредници на земјината површина. Екваторската права и медитиријанската ( гриничка ) права формираат географски кординатен сѕстем, во кој положбата на секоја точка на површината на земјата е одредена со координатите на:

- географската ширина
- географската должина

Географската ширина е лачното растојание на секоја точка од екваторот, мерно по медиријанот на таа точка. Географската ширина може да биде Северна или јужна, а може да има вреднос од 0 степени, на екваторот, до 90 сепени на северниот, односно на јужниот пол. Географската должина е лачното растојание на некоја точка од гриничкиот меридијан, мерено по напоредникот на таа точка. Географската должина може да биде источна или западна, а може да има вредност од 0 степени, на



гриничкиот медитиријан, до 180 степени на исток, односно југ од него. Географската мрежа е прикажана во форма на гео-графска обвивика на листот на картата, со минутна поделба и мрежи на медиријани и напоредници ( исклучок ТК 25 ) на секои пет лачни минути.

Географскиот координатен систем е единствен зе целата земја, заради што е погоден за одредување на поголеми растојанија и правци на земјината површина.

Правоаголната координатна мрежа ја сочинува систем од прави. Растојанието мегу линиите на таа мрежа зависи од размерот на картата и тоа, на нашите ТК, изнесува:

ТК 25 - 40 мм, односно 1 км во природа;
ТК 50 - 40 мм, односно 2 км во природа;
ТК 100 - 20 мм, односно 2 км во природа;
ТК 200 - 50 мм, односно 10 км во природа;

Географска и правоаголна координатана мрежа се користи за одредување на географски и правоаголни координати на точките на картата или за нанесување точки на карта по географски и правоаголни координати.

Во периодот од 22 - 30 Август 2008 се одржа основниот семинар за инструктори од прв степен во Кањижа - Војводина, во организација на сојузот на извидници на Војводина. На овој семинар учество земаа и двајца членови од извидницкиот одред Димитар Влахов од Велес - Радевски Ангел и Таневски Виктор. На овој семинар имаше предавања на следниве теми: образовен систем на извидништвото, програма на извидничката организација и нејзино спроведување, имиџ на извидничката организација, светска скаутска фамилија , активности на вода , тимска работа , водачи во извидништвото и поддршка од возрасните, школување во извидништвото, извидниците во локалната средина, социологија на младите, психологија на млади, пишување на извиднички проект, собирање на средства , планирање на проект.


















Сојузот на извидници на Македонија, во Крива Паланка, во селото Станци, го организираше редовниот Републичкиот Извиднички Ориентационен Натпревар (РИОН). РИОН се одржа во периодот од 24-26.10.2008 година. Организатор - домаќин беше ИО Наум Наумовски - Борче од Крива Паланка. Извидничкиот одред Димитар Влахов од Велес зема учество со една патрола во машка конкуренција. Патролата на нашиот одред го освои шестото место.

Во машка конкуренција првото место го освои патролата на ИО Илинден од Скопје, второто место патролата на ИО Скаут од Куманово, а третото патролата на ИО М.М. -Брицо од Скопје. Во женска конкуренција први беа извидниците на ИО М.М. -Брицо, второто место им припадна на девојките од ИО Браќа Миладиновци“ од Скопје, а третото место го освоија девојките од ИО Еригон од Прилеп.

Како констатација на патролата на нашиот одред е дека имаше голем број на пропусти кои што доколку беа надминати овогодишниот РИОН ќе поминел во најдобар ред. И на крај треба да се нагласи дека одзивот за учество на овој РИОН беше многу мал, што ни ја отсликува реалната состојба на извидничките единици во Македонија.







